РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

MQS Partner of Quality Austria

Бр./Nr 09-4000/3
26-02-2021 г./v.

Врз основа на член 22 став 7 („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 став 2 од Деловникот за работа, Државната комисија за спречување на корупцијата постапувајќи по пријава со наводи за постоење на судир на интереси од непознат подносител, на 46та седница, одржана на ден 12.02.2021 година донесе

**Одлука**

Пријавата за покренување постапка за утврдување состојба на судир на интереси со бр. 09-4000/1 од 24.11.2020 година доставена од непознат подносител, СЕ ОТФРЛА.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за надлежно постапување по предметот со број 09-4000/1 од 24.11.2020 година.

Предметот со број 09-4000/1 од 24.11.2020 година да се затвори и да се архивира.

Образложение

Предметот со број 09-4000/1 од 24.11.2020 година е оформен врз основа на пријава од непознат подносител против ----- ------- и -------- ----------, наводно судии во Основниот суд во -----------, чии сопрузи биле браќа, без конкретно да се прецизираат наводите во пријавата и без да се упати на сомнеж за постоење на судир на интереси.

При разледување на пријавата, Државната комисија заклучи дека во истата не се содржани прецизни и доволно податоци кои укажуваат на сомнеж за постоење на судир на интереси, а од кои би произлегло преземање соодветни чекори во насока на отстранување на евентуалниот судир на интереси, поради што Државната комисија констатира дека нема елементи за надлежно постапување по предметот.

Исто така, бидејќи се работи за анонимна пријава, Државната комисија нема можност да се обрати до подносителот заради доставување на повеќе информации и податоци околу наводите во конкретната пријава.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

Изработил: м-р Ема Нешковска, соработник
Одобрил: Софка П. Дојчиновска, член на ДКСК

Адреса: ул. Даме Груев бр.1, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Dame Gruev nr.1, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk